**НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА**
**RADIODIFUZIONI NACIONAL**
**NATIONAL BROADCASTING**

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА
NDËRMARRJE PUBLIKE
RADIODIFUZIONI NACIONAL
Бр.-Nr. 02-1150/4
21.10 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

---

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА-СКОПЈЕ ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.07 ДО 30.09.2021 ГОДИНА

**Скопје, Октомври 2021 година**

## СОДРЖИНА

Страна

ВОВЕД ---------------------------------------------------------------------------------------------- 3
I.ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА-СКОПЈЕ ------------------------------------------------ 5
II.ПРИХОДИ------------------------------------------------------------------------------------------ 5
III.РАСХОДИ ----------------------------------------------------------------------------------- ----- 7
IV. НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА--------------------------------------------------------------------11
V.СОСТОЈБА НА ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ----------- 12
V I.СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈП НРД-СКОПЈЕ---------------------------12
VI I.СОСТОЈБА НА ОБВРСКИТЕ НА ЈП НРД-СКОПЈЕ--------------------------------13
VIII. ЗАЛИХИ----------------------------------------------------------------------------------- 14
IX. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈП НРД-СКОПЈЕ---------------------------- 15

# ВОВЕД

ЈП Национална радиодифузија-Скопје е јавно претпријатие кое својата работа ја заснова на повеќе законски и подзаконски акти, стратегии, оперативни планови и развојни програми кои се однесуваат на различни сегменти од областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги и информатичко комуникациската технологија.

Со новите законски измени објавени на 12 Јули 2019 година во Службен весник бр.143 на Република Северна Македонија, извршени се измени и дополнувања во дејноста на ЈП Национална радиодифузија-Скопје.Дефинираните дејности се:

- пренос и емитување на програмите и програмските сервиси што ги обезбедува јавниотрадиодифузен сервис Македонска радиотелевизија (во натамошниот текст МРТ),согласно со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ;
- ЈП Македонска Радиодуфузија-Скопјез за потребите на МРТ експериментално пренесува и емитува програми и/или програмски сервиси,обезбедува дополнителни услуги за емитување или пренос на програми и/или програмски сервиси на различни видови технолошки платформи, врз основа на одобрена студија од страна на Владата на Република Северна Македонија;
- контрола и мерење на квалитетот и покриеноста на територијата на Република Северна Македонија на програмските сервиси кои ги пренесува и емитува јавното претпријатие;
- обезбедува оптичка инфраструктура и придружни средства за потребите на операторите за нивно агрегациско поврзување со пристапни broadband мрежи;
- поврзување на институциите од јавниот сектор и локациите за бесплатен WiFI интернет пристап во единиците на локалната самоуправа на Националната оптичка транспортна мрежа;
- обезбедување на пристапни broadband мрежи и средства во областите каде нема доволен комерцијален интерес за инвестиции за ваков вид на мрежи, со цел операторите истите да ги користат за на крајните корисници да им обезбедат broadband пристап до интернет и други услуги;
- Друштвото може да остварува и дополнителни активности и услуги со надомест, по други радиодифузни мрежи, поврзани со основната дејност, а особено заради целосно и економично користење на техничките и човечките капацитети и остварување на дополнителен приход.

ЈП НРД-Скопје, дејностите за пренос и емитување на програмите и програмските сервиси што ги обезбедува јавниот радиодифузен сервис и за експериментално пренесување и емитување програми и/или програмски сервиси ги врши преку изградба, проектирање, развој, одржување и управување на електронски комуникациски мрежи и средства, наменети за вршење на пренос или емитување на програмите и програмскитесервиси и тоа:

- четири радио мрежи на ултра кратки бранови (ВХФ/ФМ);
- една радио мрежа на средни бранови (СБ);
- ТВ и радиодигиталнимултиплекси;
- мрежа на микро бранови дигитални преносни врски и
- пристап до сателит (up-link) и/или пренос на програмските сервиси на МРТ преку Интернет, врз основа на изготвена студија во соработка со јавниот радиодифузен сервис.

Студијата за дополнителни услуги за емитување или пренос на програми и/или програмски сервиси на различни видови технолошки платформи, јавното претпријатие ја изготвува во соработка со јавниот радиодифузен сервис.

ЈП Национална Радиодифузија-Скопје дејностите за обезбедување на оптичка инфраструктура и придружни средства за потребите на операторите за нивно агрегациско поврзување со пристапни broadband мрежи, како и поврзување на институциите од јавниот сектор и локациите за бесплатен WiFIинтернет пристап во единиците на локалната самоуправа на Националната оптичка транспортна мрежа, ги извршува преку изградба, развој и управување со Национална транспортна оптичка инфраструктура/мрежа (НТОМ).

ЈП Национална радиодифузија-Скопје е претпријатие, кое се организира така што дејноста за која е основано, да ја врши на начин со кој се обезбедува:

- техничко –технолошко единство во системот;
- ефикасност во работењето и ефикасно и економично располагање и користење на собраните средства;
- заштита и унапредување на добрата од општ интерес;
- квалитетно задоволување на потребите на корисниците на услуги и јавните потреби на граѓаните;

Согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија, ЈП НРД Скопје изготвува тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење. Во составувањето на Финансиските извештаи, ЈП НРД Скопје ги применува усвоените Меѓународни стандарди за финансиско известување, односно Меѓународните сметководствени стандарди ( МСФИ / МСС ) и националната законска и подзаконска регулатива за даночни цели.

## I. ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА-СКОПЈЕ ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.07 ДО 30.09.2021 ГОДИНА

ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА Скопје во третиот квартал од 2021 година, оствари приходи во вкупен износ од **95.227.786 денари** и расходи во вкупен износ од **62.070.877 денари** со што е остварен позитивен финансиски резултат во износ од **33.156.909 денари.**

| **Опис** | **Остварување 01.07-30.09.2020** | **Финансиски план 2021г.** | **Остварување 01.07-30.09.2021** | **Индекс 4/2*100** | **Индекс 4/3*100** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| А.ВКУПНИ ПРИХОДИ | 65.324.203 | 226.460.680 | 95.227.786 | 145,78 | 42,05 |
| Б.ВКУПНИ РАСХОДИ | 57.321.153 | 225.247.360 | 62.070.877 | 108,29 | 27,56 |
| **ФИНАНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ (А-Б)** | **8.003.050** | | **33.156.909** | | |

Остварениот финансиски резултат во анализираниот период се должи на зголемувањето на вкупните приходи. Во третиот квартал се исплатени финансиските средства по основ субвенции од Буџетот на РСМ како средства за финансирање на радиодифузната дејност, наменети за финансиска поддршка на редовното работење на ЈП НРД Скопје. Во текот на минатата година, приходите по основ субвенции од Буџетот на РСМ беа намалени, како резултат на преземените мерки од страна на државата за намалување на вкупните трошоци на државно ниво, а како последица на состојбата предизвикана од корона вирусот Covid-19. Намалувањето на приходите по овој основ, негативно се одразја и создадоа потешкотии во извршување на деловните активности на ЈП НРД Скопје. Вкупните расходи во третиот квартал од 2021 година, бележат фактурирана реализација во рамките на планираните износи, додека во споредба со истиот период од минатата година бележат благ пораст.

## II. ПРИХОДИ

Во текот на третиот квартал од 2021 година , ЈП НРД-Скопје реализира вкупни приходи во висина од 95.227.786 денари , што е остварување од 42,05 проценти во однос на Годишниот финансиски план за 2021 година. Споредени со приходите остварени во истиот период од минатата година, вкупните приходи бележат пораст од 45,78 проценти.

Вкупните приходи потекнуваат од повеќе, различни извори, реализирани делумно како наплатени средства, но во дел се фактурирани, односно евидентно се прикажани.

**Оперативните приходи** во анализираниот период се остварени во износ од 4.419.067 денари, што е реализација од 27,21% во однос на планираните приходи за 2021 година. Истите, учествуваат со 4,64 проценти во вкупно остварените приходи, а се однесуваат за остварен *приход од наемнини.*

Приходите од наемнини, се реализираат по основ закупнина за користење на простор за сместување на опрема, од страна на : трговски радиодифузни друштва, интернет провајдери и други правни лица.

Ставката **останати приходи** има реализација во износ од 90.808.719 денари, или остварување од 43,19 проценти во однос на вкупно планираните приходи за оваа намена. Останатите приходи учествуваат со 95,36 проценти во вкупно остварените приходи, а се однесуваат за остварен приход од:

- приходи од субвенции (МИОА) 84.825.000 денари
- останати приходи од судски наплати 27.612 денари
- приходи врз основа на камати од работењето 5.956.107денари

Приходите по основ субвенции од Буџетот на РСМ – Министерство за информатичко општество и администрација за финансирање на радиодифузна дејност, евидентирани во третиот квартал од 2021 година изнесуваат вкупно 84.825.000 денари. Истите, учествуваат со 89,08 проценти во вкупно остварените приходи.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ НА ЈП НРД ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.07-30.09.2021 ГОДИНА**

| **Опис** | **Остварени приходи 01.07-30.09.2020** | **Планирани приходи за 2021 година** | **Остварени приходи 01.07-30.09.2021** | **Индекс 4/2*100** | **Индекс 4/3*100** | **Структура** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| **Оперативни приходи** | **6.585.550** | **16.240.000** | **4.419.067** | **67,10** | **27,21** | **4,64** |
| *74 Приходи од продажба на неповрзани друшта* | 6.585.550 | *16.240.000* | *4.419.067* | 67,10 | 27,21 | 4,64 |
| 747- Приходи од наемнини | 6.585.550 | 16.240.000 | 4.419.067 | 67,10 | 27,21 | 4,64 |
| **Останати приходи** | **58.738.653** | **210.220.680** | **90.808.719** | **154,60** | **43,19** | **95,36** |
| 765-Останати приходи од други извори | - | 13.000.000 | - | - | - | - |
| 767-Приходи од премии,субвенции, | 58.500.000 | 195.890.680 | 84.825.000 | 145,00 | 43,30 | 89,08 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| дотатии и донации | | | | | | |
| 769-Останати приходи од работењето | - | 330.000 | 27.612 | - | 8,36 | 0,03 |
| *77-Финансиски приходи* | 238.653 | *1.000.000* | *5.956.107* | *2.495,71* | 595,61 | *6,25* |
| 774-Приходи врз основа на камати од работењето | 238.653 | 1.000.000 | 5.956.107 | *2.495,71* | 595,61 | *6,25* |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **65.324.203** | **226.460.680** | **95.227.786** | **145,78** | **42,05** | **100** |

## III. РАСХОДИ

Во функција на извршување на севкупните активности на ЈП НРД Скопје, во текот на третиот квартал од 2021 година се остварени вкупни трошоци и расходи во износ од 62.070.877 денари, што во однос на Годишниот финансиски план за 2021 година претставува остварување од 27,56 проценти. Споредени со расходите остварени во истиот период од 2020 година, бележат зголемување за 8,29 проценти .

### ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ РАСХОДИ ПО ГРУПИ

| Група | Реализација 01.07-30.09.2020 г. | Финансиски план 2021г. | Реализација 01.07-30.09.2021 г. | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Трошоци за суровини, матерјал, енергија , рез.делови и ситен инвентар | 11.330.324 | 53.110.680 | 7.020.692 | 61,96 | 13,21 | 11,31 |
| Трошоци за услуги од тековни потреби | 12.828.478 | 38.655.000 | 1.366.274 | 10,65 | 3,53 | 2,20 |
| Плата и надоместоци од плата и останати трошоци на вработените | 17.590.136 | 87.300.000 | 26.668.462 | 151,61 | 30,54 | 42,96 |
| Трошоци за амортизација | 6.545.985 | 27.500.000 | 5.913.457 | 90,33 | 21,50 | 9,53 |
| Останати трошоци од работењето | 9.017.405 | 18.506.680 | 4.549.729 | 50,45 | 24,58 | 7,32 |
| Останати расходи од работењето | - | 150.000 | 16.552.048 | - | 11.034,6 | 26,67 |
| Финансиски расходи | 6.186 | 25.000 | 215 | 3,48 | 0,86 | 0,01 |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **57.321.153** | **225.247.360** | **62.070.877** | **108,29** | **27,56** | **100** |

**Трошоците за суровини, материјали, енергија и резервни делови**, во третиот квартал од 2021 година се остварени во вкупен износ од 7.020.692 денари , што е реализација од 13,21 % од финансискиот план за 2021 година . Споредени со трошоците остварени во истиот период од 2020 година се реализирани за 38,04 % пониско.

Трошоците за суровини, материјали, енергија и резервни делови во вкупните расходи учествуваат со 11,31 %. Истите , се однесуваат на:

- трошоци за матерјали ( 881 денари );
- трошоци за енергија ( 7.018.861 денари );
- трошоци за резервни делови и матерјали ( 950 денари ) .

Во вкупно остварените трошоци за суровини, материјали, енергија и резервни делови, најголемо учество имаат трошоците за енергија ( 11,31%) и Истите, се однесуваат на : трошоци за електрична енергија (4.367.263 денари ), трошоци за гориво за моторни возила (373.742 денари), трошоци за дистрибуција на електрична енергија (1.650.601 денари), трошоци за енергија-нафта (516.088 денари) и трошоци за затоплување на простор (111.167 денари).

**Трошоците за услуги од тековни потреби** во анализираниот период бележат остварување во вкупен износ од 1.366.274 , што е реализација од 3,53 проценти од Финансискиот план за 2021 година. Споредени со трошоците остварени во истиот период од минатата година , се реализирани за 89,35 проценти пониско . Истите, опфаќаат 2,20 % од од вкупните расходи на ЈП НРД Скопје.

Трошоците од групата услуги од тековни потреби, кои се остварени во период од 01.07.2021 г. до 30.09.2021 година се однесуват на :

- транспортни услуги ( 3.540 денари ) ;
- поштенски и телефонски услуги ( 184.404 денари );
- услуги на заштита и одржување ( 31.410 денари );
- наемнини ( 723.414 денари );
- комунални услуги ( 339.799 денари );
- останати услуги ( 83.707 денари ).

**Трошоците за плати, надоместоци од плата и останати трошоци,** во третиот квартал од 2021 година се реализирани во износ од 26.668.462 денари, што во однос на Годишниот финансиски план претставува остварување од 30,54 проценти. Споредени со истиот период од минатата година бележат пораст од 51,61 проценти.

Платите на вработените во анализираниот период, се пресметувани согласно Закон, Колективниот договор и нормативните акти на претпријатието. Трошоците за плата во вкупните расходи учествуваат со 42,96%.

Вкупно остварените трошоци за плати и надоместоци од плата се однесуваат на: бруто плати основна плата, даноци, придонеси, минат труд,

празнична работа, ноќна работа, годишен одмор, боледување, платено отсуство, отпремнини и други лични примања .

**Трошоците за амортизација** во третиот квартал од 2021 година изнесуваат 5.913.457 денари, што во однос на Годишниот финансиски план за 2021 година претставува остварување од 21,50 проценти. Споредени со истиот период од минатата година, трошоците за амортизација се остварени за 9,67 проценти пониско.

Во вкупните расходи трошоците за амортизација учествуваат со 18,44 проценти.

**Останатите трошоци од работењето** во третиот квартал од 2021 година се реализирани во вкупен износ од 4.549.729 денари, што во однос на Годишниот финансиски план за 2021 година претставува остварување од 24,58 проценти. Споредени со истиот период од минатата година, овие трошоци се остварени за 49,55 проценти пониско.

Во вкупните расходи останатите трошоци од работењето учествуваат со 7,32 проценти.

Оваа група ги опфаќа следните видови на трошоци:

- надоместоци на органи на управување и надзор 480.341 денари ;
- трошоци за репрезентација 13.636 денари ;
- трошоци за осигурување 54.856 денари
- банкарски услуги и трошоци на платен промет 40.538 денари ;
- даноци кои не зависат од резултатот, членарини и други давачки 1.973.083 денари (трошоците за административни и судски такси се остварени во вкупен износ од 1.844.481 денари);
- Останати трошоци 2.003.881денари .

Останатите трошоци , во најголем дел се однесуваат на: трошоци за договор на дело (150.604 денари), трошоци за привремени вработувања (1.187.776 денари) , адвокатски и нотарски услуги ( 622.928 денари) и трошоци за здравсвени прегледи (9.100 денари).

**Групата останати расходи** бележи вкупна фактурирана реализација во износ од 16.552.048 денари. Останатите расходи во вкупните расходи учествува со 26,66 %, а се однесуваат на:

- трошоци за спорови, административни и судски такси (121.328денари)
- дополнително утврдени расходи од предходни години (16.430.720 денари).

**Финансиските расходи** во третиот квартал од 2021 година се остварени во вкупен износ од 215 денари. Истите, во вкупните расходи имаат незначително учество, а се однесуваат на пресметани камати од работење со неповрзани субјекти.

## ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈП НРД-СКОПЈЕ ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.07-30.09.2021 ГОДИНА

| Сметка | Реализација 01.07-30.09.2020 г. | Финансиски план 2021г. | Реализација 01.07-30.09.2021 г. | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **40-Трошоци за суровини матерјал,енергија,резер. делови и ситен инвентар** | **11.330.324** | **53.110.680** | **7.020.692** | **61,96** | **13,21** |
| 401Трошоци за матерјали | 86.705 | 2.645.000 | 881 | 1,02 | 0,03 |
| 403 Трошоци за енергија | 7.649.883 | 38.400.000 | 7.018.861 | 91,75 | 18,27 |
| 405 Трошоци за резервни делови и матерјал | 3.593.736 | 9.060.680 | 950 | 0,03 | 0,01 |
| 408 Трошоци за ситен инвентар и автогуми | - | 3.005.000 | - | - | - |
| **41 Трошоци за услуги од тековни потреби** | **12.828.478** | **38.655.000** | **1.366.274** | **10,65** | **3,53** |
| 410 Транспортни услуги | 38.033 | 630.000 | 3.540 | 9,30 | 0,56 |
| 411 Поштенски, телефонски и интернет услуги | 452.434 | 2.940.000 | 184.404 | 40,75 | 6,27 |
| 412 Надворешни услуги | - | 225.000 | - | - | - |
| 413 Услуги на заштита и одржување | 11.355.545 | 30.780.000 | 31.410 | 0,28 | 0,10 |
| 414 Наемнини | 550.767 | 2.500.000 | 723.414 | 131,34 | 28,94 |
| 415 Комунални услуги | 360.598 | 1.220.000 | 339.799 | 94,23 | 27,85 |
| 419 Останати услуги | 71.101 | 360.000 | 83.707 | 117,73 | 23,25 |
| **42 -Плата и надоместоци од плата и останати трошоци на вработените** | **17.590.136** | **87.300.000** | **26.668.462** | **151,61** | **30,54** |
| 421Плата, надоместоци од плата-бруто | 17.537156 | 84.300.000 | 26.668.462 | 151,61 | 30,54 |
| 422 Останати трошоци за вработените | 52.980 | 3.000.000 | - | - | - |
| **43-Трошоци за амортизација** | **6.545.985** | **35.333.334** | **5.913.457** | **90,33** | **21,50** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 432Трошоци за амортизација | 6.545.985 | 35.333.334 | 5.913.457 | 90,33 | 21,50 |
| **44 Останати трошоци од работењето** | **9.017.405** | **18.506.680** | **4.549.729** | 50,45 | 24,58 |
| 440 Трошоци за дневници за службени патувања | 530.829 | 1.570.000 | **-16.606** | | |
| 441 Надоместоци за трошоци за вработените | - | 150.000 | - | - | - |
| 442 Трошоци за надомест на членови на управен и надзорен одбор | 668.880 | 1.805.680 | 480.341 | 71,81 | 26,60 |
| 444 Трошоци за репрезентација | 115.944 | 1.060.000 | 13.636 | 11,76 | 0,34 |
| 445 Трошоци за осигурување | 353.563 | 3.200.000 | 54.856 | 15,51 | 1,71 |
| 446 Банкарски услуги и трошоци на платен промет | 25.273 | 120.000 | 40.538 | 160,40 | 33,78 |
| 447 Даноци кои не зависат од резултатот членарини и други давачки | 311.160 | 1.770.000 | 1.973.083 | 634,10 | 111,47 |
| 449 Останатии расходи од работењето | 7.011.756 | 8.831.000 | 2.003.881 | 28,57 | 22,69 |
| **46 - Останатии расходи** | **-** | **122.273** | **16.552.048** | - | 11.034,6 |
| 469 Останатии расходи од работењето | - | 122.273 | 16.552.048 | - | 11.034,6 |
| **47Финансиски расходи** | **6.186** | **25.000** | **215** | 3,48 | 0,86 |
| 474 Расходи врз основа на камати од работењето | 6.186 | 15.000 | 208 | 3,36 | 1,38 |
| 475 Расходи врз основа негативни курсни разлики | - | 10.000 | 7 | - | - |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **57.321.155** | **225.247.360** | **62.070.877** | **108,29** | **27,56** |

## IV.НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА

Вкупната вредност на нематерјалните и матерјалните средства со состојба на 30.09.2021 година изнесува 508.449.676 денари.

Состојбата и промените на ревалоризираната набавна вредност на нематерјалните и матерјалните средства и нивната исправка на вредност, на ден 30.09.2021 година се прикажани во следнава табела:

| Група/сметка | Состојба 30.09.2021 |
|---|---|
| **НЕМАТЕРЈАЛНИ СРЕДСТВА** | - |
| 003 Софтвер и останати права | 19.039.730 |
| 009 Акумулирана амортизација на нематерјални средства | -19.039.730 |
| **МАТЕРЈАЛНИ СРЕДСТВА** | **508.449.676** |
| 010 Земјиште | 218.891.094 |
| 011 Градежни објекти | 272.810.062 |
| 012 Постројки и опрема | 1.218.085.259 |
| 013 Алат,погонски и канцелариски матерјал,мебел и транспортни средства | 131.804.409 |
| 019 Акумулирана амортизација на матерјални средства | -1.333.141.148 |
| **Вкупно нематерјални и матерјални средства** | **508.449.676** |

## V .СОСТОЈБА НА ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

Парите и паричните еквиваленти ги вклучуваат депозитите на сметките (денарски и девизни ) и готовината во благајна. Вкупната вредност на парични средства на крајот на третото тромесечие изнесува 180.661.226 денари.

Состојбата на паричните средста е прикажана во следнава табела:

| Сметка | Состојба 30.09.2021 |
|---|---|
| 100-Парични средства на трансакциски сметки | 180.401.958 |
| 102-Парични средства на благајна | 11.800 |
| 103-Девизни сметки | 424 |
| 108-Други парични средства-преодна сметка | 247.044 |
| **Вкупно парични средства и парични еквиваленти** | **180.661.226** |

## VI. СОСТОЈБА НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈП НРД-СКОПЈЕ

Вкупните побарувања на 30.09.2021 година изнесуваат 34.086.080 денари.

Состојбата на вкупните побарувања на ЈП НРД на крајот на третото тромесечие е прикажана во следнава табела:

| Сметка | Состојба 30.09.2021 |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 120-Побарувања од купувачи во земјата | 438.257.902 |
| 122-Дадени аванси во земјата | 10.720 |
| 125-Побарувања од казнени камати | 239.200 |
| 126-Сомнителни и спорни побарувања | 53.778.964 |
| 129- Вредносно усогласување на побарувањата од купувачи | -482.975.594 |
| 133-Побарувања од државата за ДДВ | - |
| 143-Побарувања од вработените за аконтации за службени патувања | 90.367 |
| 145-Останати побарувања од вработените | 585.666 |
| 149-Вредносно усогласување на побарувања на поврзани субјекти | - |
| 151-Заеми на поврзани субјекти | 145.205 |
| 152 Побарувања врз основа на цесија,асигнација и превземање на долг | 23.647.164 |
| 191-Однапред платени зависни трошоци за набавка | 281.438 |
| 194-Платени зависни трошоци за набавка | 4.121 |
| 198-Останати однапред платени трошоци и пресметани приходи | 20.928 |
| **Вкупно** | **34.086.080** |

## VII. СОСТОЈБА НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈП НРД-СКОПЈЕ

Вкупните неизмирени краткорочни и долгорочни обврски на 30.09.2021 година изнесуваат 46.909.350 денари .

Состојбата на вкупните обврски на ЈП НРД на крајот на третото тромесечие е прикажана во следнава табела:

| Опис | Состојба 30.09.2021 |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 220-Обврски кон добавувачите во земјата | 2.729.680 |
| 221-Обврски кон добавувачите во странство | - |
| 222-Обврски за примени аванси од купувачи | 20.000 |
| 230- Обврски за данок на додадена вредност | 258.493 |

| | |
|---|---|
| 233 Обврски за данок на добивка | -4.005.990 |
| 234- Обврски за даноци од плати и придонеси од плати | 3.069.286 |
| 235 -Обврски за персонален доход | 27.926 |
| 237-Данок за непризнаени расходи и помалку искажани приходи | - |
| 240-Обврски за плати и надоместоци на плата | 6.029.173 |
| 241- Обврски за надоместоци на вработените | 8.326 |
| 242-Останати обврски на вработените по К.договор | -30.000 |
| 249- Останати обврски на вработените | 374.090 |
| 250-Обврски спрема осигурителни друштва | -6.882 |
| 251- Обврски за надомест на УО и НО | 124.000 |
| 252 –Обврски спрема вршители на дејност | 3.793 |
| 253- Обврски за наемнини | 43.535 |
| 262-Краткорочни крдити и заеми | -302 |
| 279-Долгорочни резервирања | 1.061.248 |
| 283-Долгорочни обврски спрема добавувачи во странство | 4.775.246 |
| 286-Долгорочни обврски за заеми и кредити | 10.000.000 |
| 290-Однапред пресметани трошоци | -416.594 |
| 294-Одложено признавање на приходи од државна подршка | 22.844.322 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **46.909.350** |

## VIII. ЗАЛИХИ

Вкупните залихи на суровини, матерјали, резервни делови и ситен инвентар на 30.09.2021 година изнесуваат 60.289.882 денари .

Состојбата на залихите на суровини,матерјали, резервни делови и ситен инвентар на ден 30.09.2021 година, е прикажана во следнава табела:

| **Сметка** | **Состојба 30.09.2021** |
|---|---|
| 310- Суровини и матерјали на залиха | 49.111.826 |
| 320 -Залиха на резервни делови | 897.336 |
| 350- Ситен инвентар на залиха | 10.370.648 |
| 351- Ситен инвентар во употреба | 7.027.070 |
| 357- Вредносно усогласување на залихите на ситен инвентар | -7.117.000 |
| **Вкупно залихи на суровини, матерјали, резервни делови и ситен инвентар** | **60.289.882** |

## IX. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈП НРД-СКОПЈЕ

Вкупниот број на вработени во редовен работен однос со состојба на 30.09.2021 година изнесува 183 лица.

На почетокот на третиот квартал, бројот на вработени изнесувал 182 лица.

**Состојбата на вработените во ЈП НРД-СКОПЈЕ по квалификации**

| | ВСС | ВС | ССС | НСС | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 30.09.2021 | 48 | - | 123 | 12 | 183 |
| Структура | 26,23 | - | 67,21 | 6,56 | 100 |

**Управен одбор на**
**ЈП Национална радиодифузија Скопје**
**Претседател,**
**Вегим Селими**